Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА

# КОНСУЛТАНТИ И КОМПАНИИ ЗА

## Изработка на Анализа на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и НП Шар Планина

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ во рамки на проектот „Заштита на реките преку воспоставување на мониторинг и практики за обновување на речните живеалишта во заштитени подрачја“ финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT), објавува повик за ангажирање на индивидуални или тим од експерти или компании за подготовка на **„Анализа на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и НП Шар Планина“.**

### Цел на анализата

Со анализата треба да се обезбеди преглед на постоечките состојби и да се идентификуваат, документираат и категоризираат сите закани врз реките и речните екосистеми на територијата на НП Маврово и НП Шар Планина.

Покрај документирање на постоечката состојба, врз база на идентификуваните закани и ризици, Анализата треба да содржи препораки и мерки за надминување (митигација) на состојбите кои би користеле во идното успешно управување со реките во заштитените подрачја, во насока на нивна реставрација и унапредување на нивниот еколошки статус.

Анализата на заканите, како и препораките треба да бидат во согласност со **Рамковната директива за води (Water Framework Directive)**, што претставува водечки документ за европските практики за управување со водите кој треба да биде транспониран и во домашната законска регулатива.

Детален преглед со опис на работните задачи се наоѓа во **Анекс 1** од овој Повик.

### Квалификации на кандидатите

За изработка на анализата е потребен тим на експерти од најмалку следниве тематски области: хидрологија/хидроморфологија, геоморфологија, акватичен и крајбрежен биодиверзитет и градежништво/хидротехника.

Сите експерти (поединечни или како дел од експертските тимови/компании) треба да ги исполнуваат следниве квалификации:

- Високо образование во бараната тематска област,
- Биографија/Портфолио со најмалку 3 (претходно) изработени анализи и/или трудови/активности во бараната област,
- Работно искуство од најмалку 5 години во бараната област,
- Развиени истражувачки и аналитички способности.

**<u>Услови на повикот</u>**

**Секој експерт може да аплицира за една или повеќе тематски области од анализата. На повикот може да аплицираат поединечни експерти и/или оформени тимови и компании.**

Заинтересираните кандидати или тимови/компании, кои ги исполнуваат условите, документите треба да ги достават во електронска верзија на е-пошта до deana@ekosvest.com.mk со назнака „**Пријава за Анализа на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и НП Шар Планина ".**

**<u>Начин на пријавување</u>**

Заинтересираните кандидати или тимови кои ги исполнуваат условите треба да достават:

За физички лица и тимови:

- Понуда за изработка на анализата, во која ќе се наведе/ат тематската/те област/и за која/и се аплицира наведена во Анекс 1
- Биографија (CV) со информација за најмалку 3 претходни изработени анализи или трудови од оваа проблематика за секој кандидат кој ќе учествува во изработка на Анализата, односно секој член на тимот
- Финансиска понуда со преглед на трошоци по ставки

За правни лица/компании:

- Понуда за изработка на анализата, во која ќе се наведе/ат тематската/те област/и за која/и се аплицира наведена во Анекс 1.
- Портфолио на компанијата со најмалку 3 претходно изработени анализи и/или трудови/активности во бараната област
- Биографија (CV) со информација за најмалку 3 претходни изработени анализи или трудови од оваа проблематика за секој кандидат кој ќе учествува во изработка на Анализата, односно секој член на тимот
- Финансиска понуда со преглед на трошоци по ставки
- Пополнета изјава за незапаѓање во ситуација која е основа за исклучување од учество во набавката (Анекс 2)

За сите прашања, контактирајте нѐ на deana@ekosvest.com.mk најдоцна **до 15.02.2024** година. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и доставени до сите поканети понудувачи и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот.

Доставените материјали остануваат во архивата на Еко-свест.

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

**Рокови и временска рамка**

Повикот е отворен **од 05.02.2024 до 26.02.2024 година.**

Периодот за изработка на анализата е 3 месеци од склучување на договор.

**Критериум за избор на најсоодветна понуда**

По истекот на рокот за пријавување, ќе се креира Комисија од 3 члена, која ќе изврши бодување на пристигнатите понуди.

Кандидатите за секоја тематска област ќе бидат оценувани според следните критериуми:

1. Портфолио на кандидатот (70 бодови);
2. Финансиска понуда (30 бодови).

Вкупно 100 бодови.

Еко-свест ќе ги контактира избраните понудувачи, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуда.

Договор ќе биде склучен со кандидатите кои освоиле најголем број бодови во сооднос квалитет на понуда и цена, за секоја тематска област засебно.

## Анекс 1: Детален опис на работната задача

### Опис на услугата

Со Анализата на влијанијата врз реките и речните живеалишта во НП Маврово и НП Шар Планина треба да се обезбеди преглед на постоечките состојби и да се идентификуваат, документираат и категоризираат сите закани врз реките и речните екосистеми на територијата на НП Маврово и НП Шар Планина.

Покрај документирање на постоечката состојба, врз база на идентификуваните закани и ризици, Анализата треба да содржи препораки и мерки за надминување (митигација) на состојбите кои би користеле во идното успешно управување со реките во заштитените подрачја, во насока на нивна реставрација и унапредување на нивниот еколошки статус.

Анализата на заканите, како и препораките треба да бидат во согласност со Рамковната директива за води (Water Framework Directive), што претставува водечки документ за европските практики за управување со водите кој треба да биде транспониран и во домашната законска регулатива.

### Основни информации

Еко-свест во последната деценија континуирано работи и се залага за заштита на реките и екосистемите во заштитените подрачја. Поради недостигот на законска регулатива, како и капацитети и ресурси на соодветните институции, ниту еден национален парк во земјава нема ефикасен систем за континуирано следење на заканите по реките и речните екосистеми кои се резултат на човечки активности.

Во септември 2023 година, Еко-свест го започна проектот „Заштита на реките преку воспоставување на мониторинг и практики за обновување на речните живеалишта во заштитени подрачја“. Основна цел на овој проект е обезбедување податоци и поддршка на националните паркови во управување и мониторинг на реките и речните живеалишта на нивната територија. Проектот, преку прибирање и систематизирање на податоци за заканите врз реките, изработка на методологија за мониторинг на еколошкиот проток, како и интензивна соработка со локалните заедници и граѓански организации ќе придонесе кон поефикасна заштита и обновување на реките и речните живеалишта на територијата на националните паркови Шар Планина и Маврово.

Некои реки во границите на НП Шар Планина и НП Маврово претрпеа значителни промени за да се задоволат човечките потреби, што резултира со својствени ризици за природните функции на овие реки и на локалните заедници. Овој проект се обидува да се оддалечи од преовладувачкиот еднostран интервентен пристап, усвојувајќи интегрирана перспектива на влијанијата на инфраструктурните проекти и антропогените активности.

Во НП Шар Планина, хидросистемот „Шарски води“ составен од 11 мали хидроцентрали (МХЕ), е изградени на локации од значајно еколошко значење, што доведува до изразени негативни ефекти врз животната средина и локалните заедници. Овој хидросистем се протега во НП Маврово, каде што акумулацијата на Мавровското

Езеро,со голема брана и насип, предизвика значителни промени на режимот на вода, биодиверзитетот и потенцијални закани за безбедноста на локалните заедници. Дополнително влошување на состојбата се градбите на МХЕ од страна на приватни инвеститори, како оној на Тресонечка река во НП Маврово и три мали ХЕ подигнати на Бистрица Река во НП Шар Планина.

Во анализата треба да бидат опфатени реката Радика и нејзините притоки кои се на територијата на НП Маврово, како и оние реки кои се притоки на горното течение на реката Вардар на територијата на НП Шар Планина.

При изработка на Анализата треба да се даде посебен фокус на влијанието на постоечките брани, препреки и други инфраструктурни објекти на реките во НП Маврово и НП Шар Планина врз животната средина и локаланите заедници. Во оваа насока, Анализата треба да го опфати влијанието кое браните и останатите структури на реките го имаат врз хидроморфологијата, геоморфологијата, шумите, водниот и крајбрежниот биодиверзитет, како и ерозија на теренот. Целта на ваквиот пристап е да го подобриме нашето разбирање за тоа како браните и структурите влијаат на реките, живеалиштата и локалните заедници на територијата на НП Маврово и НП Шар Планина.

**<u>Обем и детален опис на услугата</u>**

За целите на анализата, експертскиот тим е должен:

- Да ја следи методологијата и предложените тематски области од Еко-свест,
- Да спроведе истражување и прибирање на технички и научни податоци,
- Да ги користи расположливите информации и постоечките документи кои се јавно достапни (извештаи, анализи од различни организации/институции од областа и др.),
- Да подготви и поднесе барања за слободен пристап до информации од јавен карактер,
- Да споделува информации за подготовка на анализата преку заеднички координативни состаноци со останатите експерти за подготовка на анализата
- Да учествува на форумите со засегнати страни во НП Маврово и НП Шар Планина во организација на Еко-свест,
- Да подготви Регистар на закани врз реките.

Експертите треба да ги спроведат следните 6 работни задачи:

1. **Анализа на хидролошкиот режим на реките и водотеците (време, магнитуда, времетраење, фреквенција)**
   Да се утврдат заканите и ризиците по хидролошкиот режим на реките и водотеците како што се промената на протокот на вода, промена на хидролошкиот режим и искористувањето на вода предизвикани од:
   - изградба на брани, насипи, каскади и други препреки
   - мали хидроцентрали и други енергетски постројки
   - инфраструктурни објекти
   - системи за наводнување
   - искористување на земјиштето и др.

**2. Анализа на конективноста на реките и водотеците (странична, надолжна, временска)**

Да се утврдат заканите кои предизвикуваат нарушување на слободниот и непречен тек на реките и водотеците како што се браните, препреките и сл. како резултат на изградбата на:

- брани, насипи, каскади и други препреки
- мали хидроцентрали и други енергетски постројки
- инфраструктурни објекти
- инфраструктура за заштита од поплави
- патишта и др.

**3. Анализа на квалитетот на водата (нутритивни материи, растворен кислород, седименти,** температурни режими, pH, токсини)

Да се утврдат заканите по квалитетот на водата во реките и водотеците предизвикани од испуштање на води, присуство на бактерии, токсични хемикалии, намалување на транспортот на седименти, а како резултат на следниве активности:

- земјоделство
- урбанизација
- сеча на шуми
- сточарство
- канализација
- комунален отпад
- индустрија
- рударство
- инфраструктура и др.

**4. Анализа на живеалиштата (структура, дистрибуција, изобилство, услови и еколошки статус)**

Да се утврдат заканите и деградирањето на водните и крајречните живеалишта (хабитати) како што се ископување на песок и чакал, уредување на коритата, уништување на речната и крајречната вегетација и сл. како резултат на:

- изградба на брани, препреки, каскади и насипи
- мали хидроцентрали и други енергетски постројки
- ископување на песок и чакал
- уредување на речни корита
- инфраструктурен развој
- земјоделство и др.

**5. Анализа на биолошката композиција (видови, изобилство, дистрибуција)**

Да се утврдат заканите врз видовите предизикани од прекумерно риболовство, присуство на инвазивни видови и сл. како резултат на:

- несоодветно управување со рибниот фонд
- аквакултура
- трговија со животни и видови и др.

**6. Експертско уредување на анализата согласно видот на закана по реките и препораки за управување и заштита**

Задача на еден од експертите ќе биде:

- координација на сите експерти,
- уредување и комплетирање на анализата кое вклучува: обезбедување вовед, заклучок, кохерентност и конзистентност на поглавјата, логичен тек на содржината итн.

Анализата треба да биде структуирана во две целини, од кои едната ќе се однесува на заканите врз реките во НП Маврово, а другата на заканите врз реките во НП Шар Планина. Притоа, секој различен извор на закана врз реките (како на пример: мали хидроцентрали, брани/ насипи/каскади, системи за наводнување, канализација, комунален отпад, индустрија, рибарство и др) да биде обработен во засебно поглавје. За секој од овие идентификувани извори на закани, треба да бидат подготвени препораки и мерки за надминување на состојбите, за секој национален парк засебно, кои би користеле во идното успешно управување со реките, во насока на нивна реставрација и унапредување на нивниот еколошки статус.

Анализата треба да биде изработена на македонски јазик.

**Контакт лица**

Ѓорѓи Митревски, Раководител на програма Води
gjorgji@ekosvest.com.mk,
071 232 103

Деана Блажеска, Проектен асистент
deana@ekosvest.com.mk,
072 310 012

**Анекс 2: Изјава од понудувач**

ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот ____________________________ (име и презиме) во функција на овластен застапник на ____________________________(име на правното лице) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

● Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања или не се во било каква аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;

● Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на res judicata;

● Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;

● Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;

● Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;

● Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на res judicata за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

● За правното лице не се евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија, дејност или должност.

● За правното лице не се евидентирани податоци за изречена споредна казна за сторени кривични дела - трајна забрана за вршење на одделна дејност

На ден ___________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат